Врз основа на член 57 од Статутот на Независниот академски синдикат (НАкС) – Пречистен текст од 31.10.2020 год, Советот на Независниот академски синдикат на својата седница одржана на 09.11.2020 година, го донесе следниот:

# ДЕЛОВНИК

за работа на Советот на Независниот академски синдикат (НАкС)
– Пречистен текст –

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Деловникот за работа на Советот за Независниот академски синдикат (НАкС) се уредува начинот на работа на Советот. Сè што не е опфатено со овој Деловник, ќе биде предмет на саморегулатива на Советот низ неговите оперативни одлуки.

Деловникот за работа на Советот е задолжителен за сите членови на Советот, како и за сите други учесници во работата на Советот.

### Член 2

Советот на НАкС има мандат од четири години, со можност за повторен избор. Мандатот е неделив за сите членови. Во случај на предвремено престанување на членството на некој член во Советот, новиот член на Советот, кој ќе го замени, ќе го доврши неговиот мандат.

Советот се избира на Конгрес, со тајно гласање.

## II НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

### Член 3

1) Советот работи на седници.

2) Седниците на Советот ги свикува Претседавачот на Советот. Во негово отсуство седница може да свика и неговиот заменик.

3) Седниците на Советот се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

4) Седниците се свикуваат по покана со предлог дневен ред и работен материјал, најдоцна пет дена пред одржувањето на седницата.

5) Седниците на Советот се јавни и отворени за целото членство и за сите соработници на НАкС.

6) На седниците може да присуствуваат и учесници коишто не се членови на Советот, но немаат право на глас односно одлучување.

7) Претседавачот на Советот може да свика и вонредна седница на Советот по сопствена иницијатива доколку тоа го налагаат потребите и ако тоа го побараат најмалку пет члена на Советот. Вонредната седница на Совет се свикува најмалку 24 часа пред нејзиното одржување.

Членовите на Советот коишто не можат да присуствуваат на седницата од оправдани причини должни се да го најават своето отсуство по добивањето на поканата за седница.

### Член 4

1) Дневниот ред за седницата го предлага претседателот на НАкС, Извршниот одбор на НАкС, претседавачот на Советот или кој и да било член на Советот, а го утврдува Советот на самата седница.

2) Секој член на Советот може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред со образложение, најдоцна 3 дена пред одржување на седницата.

3) Секој член на Советот може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред и на самата седница, но за истото мора да се изјаснат мнозинството од присутните членови на Советот.

4) Дневниот ред се усвојува ако за него се изјасниле мнозинството од присутните членови на Советот.

5) Свикувањето и доставувањето на материјалите за седниците се врши по електронски пат на адресата, која секој член ја доставил за таа намена.

**Член 5**

Седниците на Советот ги свикува и ги води претседавачот на Советот. Претседавачот на Совет се бира од редот на членовите на Советот со јавно или тајно гласање, во зависност од одлуката на мнозинството членови на советот. Изборот на претседавач е полноважен доколку за него гласале мнозинството од присутните членови на Советот. Советот од своите редови бира и заменик претседавач на Советот, на ист начин на кој се бира и претседавачот на Советот.

Во случај на отсуство на претседавачот седница може да води заменик претседавачот или друг член овластен од претседавачот.

За текот на седницата се води записник. Во работата на седниците на Советот учествува и најмалку еден член од стручната служба на НАкС или овластено лице од претседавачот на Советот, кој изготвува записник од состанокот и го доставува на одобрување до претседавачот на Советот и до неговиот заменик најдоцна во рок од пет работни дена од денот на неговото одржување, а одобрениот записник потоа го доставува до сите членови на Советот.

Записникот се става на гласање за усвојување на следната седница на Советот. Истиот по неговото усвојување го потпишува претседавачот на Советот и записничарот.

**Член 6**

Седница на Советот се одржува доколку присуствуваат мнозинство членови од вкупниот број на членови. Советот донесува одлуки со просто мнозинство, односно со половина плус еден глас од бројот на присутните членови.

Гласањето на седниците е јавно, освен ако Советот не одлучи по одделни прашања гласањето да биде тајно.

**Член 7**

За присутноста на членовите на Советот се води евиденција, со ставање на потпис во списокот за евиденција.

Евиденцијата од став 1 на овој член ја води лице ангажирано во Стручната служба на НАкС или лице овластено од претседавачот. Лицето кое претседава со седниците го известува Советот кои членови се поканети да присуствуваат на седницата и кои членови го најавиле своето отсуство. Ако на почетокот од седницата се утврди дека не постои кворум, седницата се одложува за одреден период, но не за покусо од 3 ниту за подолго од 8 дена, со истиот дневен ред.

Ако во текот на траењето на седницата се утврди дека нема кворум, истата се прекинува и се презакажува за одредено време, ден и час, со преостанатиот дел од дневниот ред, а во согласност со механизмот од претходниот став на овој член.

**Член 8**

Пред да се премине на утврдување на дневниот ред на седницата се усвојува записникот од претходната седница. Секој член може да стави забелешка на записникот и да бара во истиот да се извршат одредени измени или дополнувања.

1) Времетраењето на дискусиите не е ограничено.

2) Дискусијата на учесникот може да биде прекината доколку отстапува од дневниот ред.

3) Редоследот на учесниците во дискусијата е согласно пријавувањето.

**Член 9**

Советот усвојува одлуки, предлози, препораки, заклучоци и усвојува и изготвува информации со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот присутни на седницата.

Одлуките донесени на седници на Совет, важат од нивното донесување. Во случаи кога седницата продолжила и се закажува нов датум. Одлуката што ќе биде усвоена на продолжената седница, важи од денот на самото донесување, освен во ситуации кога седницата е продолжена со цел електронско произнесување за прашање за кое немало доволно податоци за одлучување на самата седница, па ќе се смета дека одлуката е донесена на самата седница.

**Член 10**

Работните материјали за седниците на Советот на НАкС, ги изготвува стручната служба на НАкС.

## IV ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦИ И ГЛАСАЊЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

**Член 10**

Седници на Советот можат да се одржуваат и по електронски пат кога заради вонредни околности  не е можна работа на Советот со физичко присуство. Седниците може да се одржуваат само преку електронска платформа која овозможува видео и аудио конференциска врска.

Кога седниците се одржуваат по електронски пат присуството на членовите се евидентира преку листата на логирани учесници на платформата.

Присутните се пријавуваат за дискусија и за реплика со притискање на виртуелна рака.

Јавното гласање се изведува со бирање на опцијата за/против/воздржан во прашалникот достапен на електронската платформа или со пишување за/против/воздржан како коментар на електронската платформа.

Доколку Советот одлучи да се спроведе тајно гласање, тоа се спроведува преку лиценциран софтвер што овозможува тајно гласање.

**Член 11**

Кога за одржување седница на Советот со физичко присуство или преку електронска платформа не може да се обезбеди потребниот кворум, а заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на НАкС, може да се спроведе и гласање преку електронска пошта. Електронското гласање ќе се применува селективно/ или по исклучок.

Претседавачот на Советот може да одлучи електронското гласање да се спроведе за сите или само за поединечни точки од дневниот ред. Оние точки од дневниот ред за коишто нема да се спроведе електронско гласање ќе бидат ставени на дневниот ред за следната седница. Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство, како и гласањето извршено на седница на Совет.

Во зависност од природата и од итноста на прашањата од дневниот ред, по предлог на претседавачот, Советот на самата седница, може да донесе одлука за конкретната точка на дневен ред, за која не постојат услови за одлучување во моментот, да се спроведе дополнително електронско гласање или повторно да се свика истата седница на Советот. Ваквата одлука што ќе биде донесена по пат на електронско гласање, ќе се смета дека е донесена на самата седница.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Овој деловник го донесува Советот на НАкС.

**Член 13**

Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат на начин и постапка како и за неговото донесување. Измени и дополнувања на овој Деловник може да поднесат:

- претседавачот на Советот;
- членовите на Советот;
- членовите на Извршниот одбор.

**Член 14**

Деловникот стапува во сила со денот на неговото донесување.

Претседавач на Советот
на Независниот академски синдикат

проф. д-р Александар Иванов